Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 30.10.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5277 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 22 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред програмите кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење).

*На 16.09.2014 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 2 септември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1).*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) емитуван на 22 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*30.10.2014 г.*